# Дополнителни услови за осигурување на деца од последици на несреќен случај до завршување на основно образование

## Член 1 - ОПШТИ ОДРЕДБИ

(1) Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (во понатамошниот текст: Општи услови) и овие дополнителни услови, се составен дел од договорот за осигурување на деца од последици на несреќен случај до завршување на основно образование.
(2) Договорувач на осигурувањето, според овие дополнителни услови, може да биде: родител или старател, секое друго правно или физичко лице кое има интерес за договарање на ова осигурување.

## Член 2 - ОСИГУРЕНИ ЛИЦА

Лицата наведени во член 1, став (1) од овие дополнителни услови се осигуруваат до навршени 14 години, односно до завршување на основно образование, без оглед на старост, здравствена состојба и општа работоспособност, како и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 9 став (1) точка 6 од Општите услови, освен лицата кои според член 4., став (3) од Општите услови, во секој случај се исклучени од осигурување.

## Член 3 - ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ

(1) Осигурувачот е должен да ја исплати сумата на осигурување договорена во полисата во целост или делумно, ако незгодата кој има за последица смрт, инвалидитет, минлива неспособност за работа или нарушување на здравјето за кое треба лекарска помош, настане:
   1) во секојдневниот живот на детето; дома или надвор, во училиште, на улица, игралиште, излет, екскурзија итн.;
   2) при возење со било кое превозно средство;
   3) учество во сите спортови.

## Член 4 - ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

(1) Договорот за осигурување се склучува:
   1) на одредено време - како едногодишен или повеќегодишен;
   2) на неодредено време - долгорочно осигурување. На полисата е означен денот на почеток на осигурувањето.
(2) Ако на полисата е наведен само почетокот на осигурувањето, осигурувањето престанува со крајот на онаа година во која осигуреникот ќе наполни 14 години, односно по истекот на последната година на осигурување на децата, односно по завршувањето на основното образование.
(3) Осигурителното покритие кај колективниот начин на осигурување, ако договорувач на осигурувањето е претшколска установа или основно училиште, почнува за секое дете односно ученик во 24:00 часот оној ден кога се пријавил во осигурување и бил запишан во списокот на осигуреници од страна на договорувачот на осигурувањето, но не пред 24:00 часот оној ден кој е службено одреден за почеток на нова осигурителна односно школска година.
(4) Покритието од осигурувачот за поединечен осигуреник престанува во 24:00 часот на денот на престанок на осигурувањето, односно на крајот на последната осигурителна година за деца, односно на крајот од основното образование.
(5) Покритието по колективно осигурување, ако договорувач на осигурувањето е предшколска установа, училиште или друга установа од претходните осигурителни

односно школски години, за секој осигуреник престанува во 24:00 часот оној ден кога ја платил премијата за осигурување за тековната осигурителна односно школска година. Ако осигуреникот од претходната осигурителна, односно школска година не ја плати премијата за осигурување за тековната осигурителна, односно школска година, осигурителното покритие престанува најдоцна во 24:00 часот на триесеттиот ден од службениот почеток на осигурителната, односно школска година на соодветната предшколска установа или училиште. Одредбите од овој став важат и во случај ако осигуреник од предходната осигурителна година преминал во друга предшколска установа или ако осигуреникот од претходна школска година преминал во друго основно училиште.

## Член 5 - ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОПСЕГОТ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ

Ако во тарифата на премии е одредена најголема сума на осигурување до која може едно дете да биде осигурено, осигурувачот гарантира најмногу до тој износ, без оглед на тоа дали детето е осигурено со една или повеќе полиси. Ова ограничување важи само ако е наведено на полисата.

## Член 6 - ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ

(1) Исклучени се сите обврски на осигурувачот за незгоди кои настануваат:
   1) поради земјотрес;
   2) поради воени операции или бунтови во државата на договорувачот на осигурувањето.

## Член 7 - ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА

(1) Договорувачот на осигурувањето во целост ја плаќа осигурителната премија на осигурувачот за осигурителната година, доколку не е поинаку договорено.
(2) Договорувачот на осигурувањето за колективно осигурување е должен да води евиденција за платената премија, со точен датум на уплата за секој осигуреник и да ја дозначи премијата на осигурувачот заедно со списокот на осигуреници, ако не е поинаку договорено.

## Член 8 - ИСПЛАТА НА ДНЕВЕН НАДОМЕСТ

(1) Ако е договорено осигурување на дневен надомест, истиот му припаѓа на осигурениците кои се уште не одат во основно училиште, за време на имобилизација на екстремитети со гипс, шипки и сл.; за време во кое не можеле да доаѓаат во предшколската установа или било потребно чување дома.
(2) Ако незгодата има за последица минлива неспособност на осигуреникот за училишна работа, а во договорот за осигурување е договорена исплата на дневен надомест, осигурувачот му го исплаќа тој надомест во договорената висина на осигуреникот кој оди во основно училиште, од денот одреден во полисата (договорена каренца). Ако тој ден не е одреден, тогаш од првиот ден кој следува после почетокт на лекувањето кај лекар или во здравствена установа, до последниот ден до кога трае минливата неспособност за училишна работа, односно до смрт или до утврдување на инвалидитет. Дневниот надомест за време на минлива неспособност за училишна работа не се исплаќа после утврдување на конечниот степен на инвалидитет.
Дневниот надомест се исплаќа за најмногу 200 дена минлива неспособност за училишна работа.
(3) Се смета дека осигуреникот е неспособен за училишна работа ако поради незгода не може да доаѓа на настава, не може да пишува, црта и извршува други задачи. Неподвижноста на одделни екстремитети поради имобилизација со гипс се смета за

неспсобност за училишна работа, иако осигуреникот посетува настава. Привремената неспсобност за извршување на физичко образование во рамки на училишната настава, не се смета за неспособност за училишна работа, па поради тоа, на осигуреникот не му следува дневен надомест. Кај минливата неспособност за време на школски празници, за исплата на дневнот надомест, меродавна е оценката на лекарот за тоа дали осигуреникот би бил способен за редовна училишна работа која ја извршувал пред школските празници.

(4) Дневниот надомест се исплаќа по завршеното лекување врз основа на лекарска потврда. Може да се исплати и само врз основа на службена потврда од училиштето, во која мора да биде наведено колку време осигуреникот не доаѓал на настава, но само тогаш кога неспособноста за училишна работа траела најмногу 30 дена.

Ако минливата неспособност за училишна работа е продолжена поради други здравствени причини, осигурувачот е должен да исплати дневен надомест само за траењето на неспособноста за училишна работа, која е исклучиво последица на незгода.

## Член 9 - ОДРЕДУВАЊЕ КОРИСНИК НА ОСИГУРУВАЊЕТО

(1) Доколку на полисата не е поинаку договорено, за корисник на осигурувањето се смета:
1) во случај на смрт - согласно член 18 од Општите услови;
2) во случај на инвалидитет - самиот осигуреник;
3) во случај на дневен надомест - самиот осигуреник;
4) во случај на минливо нарушување на здравјето - лице кое ќе докаже дека ги платило трошоците за лекување, односно дека мора да ги плати.

## Член 10 - ПРИМЕНА НА ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

За осигурувањата склучени согласно овие Дополнителни услови се применуваат и Општи услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), доколку не се во спротивност со Дополнителните услови.

## Член 11 - ВАЖНОСТ НА УСЛОВИТЕ

Овие Дополнителни услови стапуваат во сила од денот на нивното донесување, а ќе се применуваат од 01.01.2021 година.